# План на Нов Јужен Велс за здрави заедници од различно културно и јазично потекло: 2019-2023

## NSW Plan for Healthy Culturally and Linguistically Diverse Communities: 2019-2023

NSW Health нуди услуги во јавното здравство, вклучувајќи ги болниците и здравствените центри во заедницата.

Службите на NSW Health ќе го користат овој План за да подготват локални планови со цел да се обезбеди лицата од различно културно и јазично потекло лесно да имаат пристап до здравствената нега што им е потребна. Овој План ја поттикнува соработката со членовите од заедниците со цел да се обезбеди службите за здравстена нега да ги задоволуваат нивните потреби.

<table>
<tr><td colspan="2">ВИЗИЈА<br>Праведен и безбеден здравствен систем кој ќе ги препознае и обрати внимание на здравствените потреби на лицата од различно културно и јазично потекло</td></tr>
<tr><th>Што сакаме да постигнеме</th><th>На кој начин ќе го оствариме тоа</th></tr>
<tr><td>Прва цел:<br>NSW Health има воспоставени стратегии за подобрување на пристапот до услуги и нега на лица од различно културно и јазично потекло</td><td>Нашите служби за здравствена нега ги вклучуваат потребите на лицата од различно културно и јазично потекло во планирањето на услугите за здравстена нега<br><br>Нашите здравствени служби подржуваат проценка на здравствената состојба, планирање, доставување и промена на негата кои ги задоволуваат потребите на лицата од различно културно и јазично потекло<br><br>Нашите здравствени служби го следат и проверуваат користењето на професионални преведувачи</td></tr>
<tr><td>Втора цел:<br>NSW Health ги подржува лицата од различно културно и јазично потекло да бидат вклучени во донесувањето на одлуки во врска со нивната здравствена нега</td><td>Нашите здравствени служби редовно ги вклучуваат лицата од различно културно и јазично потекло кога подготвуваат, применуваат и оценуваат програми, проекти и материјали<br><br>Нашите здравствени служби овозможуваат лицата од различно културно и јазично потекло да имаат пристап до здравствени информации<br><br>Нашите здравствени служби користат професионални преведувачи во областа на здравството и ќе користат преведување преку видео и телефон со цел да го зголеми користењето на преведувачи</td></tr>
<tr><td>Трета цел:<br>NSW Health ги разбира и почитува посебните јазици и култури на лицата</td><td>Нашите лидери ги промовираат и подобруваат услугите на здравствена нега така што тие им се доставуваат со почит и на соодветен начин на лицата од различно потекло<br><br>Нашите здравствени служби го обучуваат персоналот да се однесува со почит и на соодветен начин кон лицата од различно културно и јазично потекло<br><br>Нашите здравствени служби имаат вработени кои се посветени да работат со лица од различно потекло, вклучувајќи бегалци</td></tr>
<tr><td>Четврта цел:<br>NSW Health ги разбира потребите, искуствата и идентитетот на заедниците од различно културно и јазично потекло во Нов Јужен Велс</td><td>Нашите здравствени служби собираат точни податоци за јазици, земји на раѓање и преведувачи<br><br>Нашите здравствени служби може да користат податоци за населението и здравството за лицата од различно културно и јазично потекло:<br>• со цел подобро да се запознаеме со потребите на нашите клиенти<br>• да ги утврдиме приоритетните здравствени проблеми и групи на луѓе кои се изложени на ризик да имаат послаби здравствени резултати<br>• да одговараме на нивните потреби<br><br>Нашите здравствени служби спроведуваат или поттикнуваат учествување во истражувања за да се утврдат празнините во услугите за лицата од различно културно и јазично потекло.</td></tr>
</table>